**Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип**

**Факултет за туризам и бизнис логистика - Гевгелија**

**Општина Дојран**

---

# ТУРИЗМОТ ВО ДОЈРАНСКИОТ РЕГИОН



**ШТИП, 2012**

**ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ ОД НАУЧНО-СТРУЧНА ТРИБИНА одржана на 20 април 2012 година во Дојран**


**Издавач:**
***Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип***
***Факултет за туризам и бизнис логистика - Гевгелија***

**Покровител:**
***Г-дин Глигор Чабулев,***
**Градоначалник на Општина Дојран**

***За издавачот*:**
**Доц. д-р. Нако Ташков,** ***Декан на ФТБЛ - Гевгелија***



***Редакција*:**
**Доц. д-р. Нако Ташков,** ***претседател***
**доц.д-р Никола В. Димитров,** ***Одговорен уредик***
**Доц.д-р Дејан Методијески,** ***технички секретар***
**д-р. Тања Ангелкова,** ***технички секретар***
**Доц.д-р Билјана Петревска,** ***член***
**Данче Гавриловска - Атанасовска,** ***јазична редакција***

**Организационен одбор:**
Доц. д-р Нако Ташков, Декан, *претседател*
Доц. д-р Никола В. Димитров, продекан, *секретар*
Доц. д-р Златко Јаковлев
Доц. д-р Цане Котески
Доц. д-р Билјана Петревска
Доц. д-р Елизабета Митрева
Доц. д-р Драшко Атанасоски
Магдалена Кречева, Општина Дојран
Андреј Ангеловски, Општина Дојран

**Секретаријат:**
М-р Тања Ангелкова,
М-р Дејан Методијески,
М-р Душица Санева,
М-р Татјана Џалева,
М-р Наташа Колевска,
М-р Оливер Филипоски,
М-р Душко Јошески,
М-р Снежана Дагалева,
М-р Владимир Китанов
М-р Зоран Темелков,
М-р Анета Стојанова

# С О Д Р Ж И Н А

**ПРЕДГОВОР**..........................................................................................................7

**ПРОФ. Д-Р БЛАГОЈА МАРКОСКИ**

ДОЈРАНСКА КОТЛИНА..........................................................................................9

**ПРОФ. Д-Р МАРИЈА АЦКОВСКА, ДОЦ. Д-Р НЕДА ПЕТРОВСКА**

ПОТЕНЦИЈАНИ ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ТУРИЗМОТ ВО ДОЈРАНСКИОТ РЕГИОН...15

ПРОФ. Д-Р **ГОРДАНА ПАНОВА**

ЛЕКОВИТОСТА НА ДОЈРАНСКОТО ЕЗЕРО..........................................................21

**ПРОФ. Д-Р РИСТЕ ТЕМЈАНОВСКИ**

ПОДОБРУВАЊЕ НА ПАТНАТА ИНФРАСТРУКТИРА ВО РЕГИОНОТ НА ДОЈРАНСКОТО ЕЗЕРО ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА ПОИНТЕНЗИВЕН ТУРИСТИЧКИ РАЗВОЈ..........................................27

**ДОЦ. Д-Р РУБИН ЗЕМОН**

ПОПУЛАРИЗАЦИЈА НА АНТРОПОЛШКИТЕ ВРЕДНОСТИ НА ДОЈРАНСКИОТ РЕГИОН КАКО МОЖНОСТ ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ..........................................................39

**ДОЦ. Д-Р ВИОЛЕТА МАЏОВА**

СРЕДСТВАТА НА ИПАРД ВО ФУНКЦИЈА НА ПОТТИКНУВАЊЕ НА ТУРИЗМОТ ВО ДОЈРАН..........................................................................................................53

**ДОЦ. Д-Р МАРГАРИТА МАТЛИЕВСКА**

ОСВРТ НА ПРОЕКТОТ „СПАС НА ДОЈРАНСКОТО ЕЗЕРО“...........................................65

**Доц. д-р Нако Ташков, м-р Тања Ангелкова, м-р Татјана Цалева**

Плажите во функција за зголемување на туристичкиот промет во Општина Дојран.......................................................................................................75

**Доц. д-р Никола В. Димитров, м-р Душко Јошески**

Основни социо-економски параметри за унапредување на туризмот во Општина Дојран.........................................................................................81

**Доц. д-р Дејан Илиев**

Со развојот на риболовниот туризам до продолжување на туристичката сезона на Дојранското Езеро.....................................................................93

**Доц. д-р Билјана Петревска**

Предвидување на туристичката побарувачка во Дојранскиот регион.........101

**Доц. д–р Елизабета Митрева, м-р Оливер Филипоски**

Примена на стратегии на TQM (total quality management) во унапредување на квалитетот на услугите во туризмот.............................................................113

**Доц. д-р Златко Јаковлев, м-р Влатко Пачешкоски**

Програмирање на спортско-рекреативната анимација во Дојранскиот регион.......................................................................................................125

**Доц. д-р Цане Котески, М-р Владимир Китанов**

Структура на патната мрежа и нејзиното влијание врз развојот на туризмот во Општина Дојран.........................................................................................137

**Д-р Марија Магдинчева – Шопова**

Улогата на малите претпријатија во развојот на туризмот во Дојранскиот регион..............................................................................................147

**Доц. д-р Нако Ташков, м-р Владан Андоновиќ, Доц. д-р Дејан Методијески, Илија Лазаревски**

Имплементација на информационо управувачки систем за Општина Дојран........................................................................................................................155

**Доц. д-р Никола В. Димитров**,

Од идеја до реализација (ККК – „ПОЛИН“ – Полифункционална содржина на туризмот во Општина Дојран)........................................................................161

**Доц. д-р Драшко Атанасоски**

Влијанието на сообраќајната поврзаност за раст на туризмот во Дојранскиот регион..........................................................................................................................171

**М-р Ленче Насев**

Културните и музичките манифестации како значаен фактор за развој на туризмот во градот Дојран.................................................................................185

**М-р Душица Санева, М-р Снежана Бардарова, М-р Горан Антониевски**

Гастрономската понуда како фактор за развој на туризмот во Дојран..........................................................................................................................191

**М-р Наташа Колевска, Јулија Наковска**

Потенцијали за развој на екохотели во Дојран....................................................197

**М-р Кристина ковачевиќ**

Бизнис етиката во функција на долгорочен развој на туризмот во Дојран...209

**М-р Ванѓа Димитриева – Кузамноска**
Секојдневното користење на традиционалните носии во угостителските објекти како една развојна точка за усовршување на туризмот во Дојранскиот регион......................................................................................................................219

**М-р Марина Радосављевиќ-Бојчева, М-р Зоран Темелков, М-р Костадинка Чабулева**
ИПА Фондови: Можности и перспективи за развој на туризмот во Дојранскиот регион......................................................................................................................225

**Бранко Бизоев**
Дестинациската менаџмент компанија како можност за поголема афирмација на културните и гастрономски вредности на Дојранскиот регион......................................................................................................................233

**Тихомир Ручкоманов**
Дојранска бартер берза......................................................................................245

**Петранка Чалков**
Рибарството и аквакултурата во Дојранскиот регион......................................253

**Ефтимова Елизабета, Дукова Маја**
Алтернативни форми на туризмот во Дојранскиот регион.............................261

**ЗАКЛУЧОЦИ** ……………………………………………………………………...269

# ПРЕДГОВОР

Организаторите и реализаторите на Научно-стручната трибина „Туризмот во дојранскиот регион“ одржана на 20. април 2012 година во Стар Дојран, ја исполнија дадена обврската дадена на почетокот, а тоа е издавање на Зборник на трудови.

Со успешно менаџирање, Редакцијата на Зборникот, на стручната и пошироката јавност им ги претставува сите 28 трудови презентирани на трибината.

Дојранскиот регион е еден од најразвиените туристички простори во источниот дел од Република Македонија кој дава, но и може да даде уште многу разновидни туристички услуги и производи.

Се надеваме, идеите изнесени во Зборникот ќе претставуваат добра основа за изработка на Стратегија за развој на туризмот во Дојранскиот регион и имплементација на истата.

Редакцијата, на сите субјекти им се заблагодарува за добронамерните сугестии и помош околу издавањето на Зборникот.

***Редакција***

**Доц. д-р Нако ТАШКОВ**[18]
**М-р Тања АНГЕЛКОВА**[19]
**М-Р Татјана ЏАЛЕВА**[20]

# ПЛАЖИТЕ ВО ФУНКЦИЈА НА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ТУРИСТИЧКИОТ ПРОМЕТ ВО ОПШТИНА ДОЈРАН

**Апстракт**

Владата на Република Македонија го идентификуваше туризмот како приоритетен сектор за развој.

Секоја развојна стратегија за туризмот има за цел да ја обезбеди рамката и неопходната доверба на постојните актери, странските и домашните инвеститори, како и на меѓународните донаторски агенции, да се посветат на туризмот во Република Македонија.

Со враќањето на плажите и осовременување и уредување на истите и нови, Дојран повторно ќе го освојува својот туристички дух и препознатлив шарм на Дојранското Езеро и ќе ја продолжи и понапреди својата урбана традиција. По пример на многу европски метрополи Дојран може во потполност да влезе во туристичката понуда со своите плажи.

Следствено туристичката понуда на Дојран може успешно и реално да биде високо валоризирана.

**Клучни зборови:** Плажи во Дојран, развој на туризмот во Дојран, валоризација

## Вовед

Туризмот е мошне значаен за многу земји, поради приходите кои се создаваат од туристичката потрошувачка на производи и услуги, од даноците што се собираат од туристичката индустрија, како и од можностите за вработување во услужната индустрија поврзана со туризмот. Поради тоа анализата на туристичкиот промет е од круцијално значење за планирање на туризмот.

[18] Доц. д-р Нако Ташков, Универзитет "Гоце Делчев" - Штип, Факултет за туризам и бизнис логистика - Гевгелија, е-мејл: nako.taskov@ugd.edu.mk
[19] Асс. М-р Тања Ангелкова, Универзитет "Гоце Делчев" - Штип, Факултет за туризам и бизнис логистика - Гевгелија, е-мејл: tanja.angelkova@ugd.edu.mk, angel.tanja@gmail.com
[20] Асс. М-р Татјана Џалева, Универзитет "Гоце Делчев" - Штип, Факултет за туризам и бизнис логистика - Гевгелија, е-мејл: tatjana.dzaleva@ugd.edu.mk

Туризмот е моќен стопански сегмент за развојот на една економија. Ефектите од туризмот се повеќекратни и се изразуваат пред се во пораст на девизните приливи, подобрување на платниот биланс, креирање нови работни места и зголемување на инвестициите. Туризмот е секако привлечен и за странскиот капитал.

Карактеристиките на туристичкиот промет претставуваат важен елемент за вреднување на туристичкото стопанство, поточно тие претставуваат краен резултат кој покажува дали, како и колку еден простор е атрактивен и посетен од туристи. Преку анализирање на плажите во функција на зголемување на туристичкиот промет во Дојран можеме да ги согледаме состојбите во туризмот, едноставно кажано дали се движиме во вистинската насока или не, а доколку се случуваат осцилации треба да ги пронајдеме причините и нив да ги отстраниме.

Еднаш еден светски експерт од туризмот рекол: „Треба да бидеме сигурни дека туризмот ги почитува културите и човековата околина и дека приходите, што произлегуваат од него, се исто така наменети за рамноправна заштита на богатствата на наследството и наменети за зајакнување на културниот развој“.

**Потребни мерки за зголемување на туристичкиот промет од плажите**

Во Дојран во последните неколку години на плажите на Дојранско езеро немаат спасувачки екипи кои би се грижеле за безбедност на капачите. Граѓаните, поради честите случаи на давење и повреди во водите на Дојран, не се чувствуваат сигурни поради малиот број спасители на вода. Туристите, чести посетители на македонските плажи, велат дека се сигурни само во Охрид, каде што е очигледно присуството на спасувачките екипи. Министерството за транспорт и врски има обврска да ги контролира закупувачите на плажите и да следи дали имаат спасувачи, а да ги казни тие кои не ангажирале. Според законските прописи, закупувачите на плажите се должни на површина од 660 квадратни метри, што се обележува на езерскиот брег, да обезбедат по еден спасител на вода.

Според уреденоста и чистотата што можат да ја понудат хотелиерите треба истото да го нудат и на сопствените плажи кои се наоѓаат или пак се во склоп со хотелот.

Со уредувањето на плажите дојранското крајбрежје да добие нов изглед и да привлече поголем број туристи, што позитивно ќе влијае за повторно заживување на ова туристичко место. Уредени плажи се чекор до повеќе гости, а тоа, пак до заживување на туризмот во Дојран. Министерството за транспорт на дојранското крајбрежје има дадено 10

плажи на краткотраен закуп по пат на јавно наддавање со цел уредување согласно туристичките стандарди. Закупците треба да овозможат слободен влез за посетителите, да набават фискална каса и дозволи за вршење на дејноста.

Постојните песочни површини треба да се уредат и попесочат со соодветен автохтон песок, а постојното зеленило максимално да се почитува и дооформи. Предвидено е на плажите да има сервисен пункт со санитарни јазли, соблекувални, прирачна остава за чадори, лежалки и други реквизити, како и други забавни содржини.

Иницијативите за подобрување на инфраструктурата во Дојран влијае драстично врз зголемувањето на туристите покрај Дојранското крајбрежје и придонесува позитивни ефекти врз целокупниот економски развој.

Со враќањето на плажите и осовременување и уредување на истите и нови, Дојран повторно ќе го освојува својот туристички дух и препознатлив шарм на Дојранското Езеро и ќе ја продолжи својата урбана традиција. По пример на многу европски метрополи Дојран може во потполност да влезе во туристичката понуда со своите плажи. Рекреативците ќе можат директно да ги искористуваат услугите кои ќе ги понудат плажите, а со тоа ќе го зголемат туристичкиот промет.

Доколку правилно биде имплементирана соодветна стратегија за уредување и постојано одржување на плажите во Дојран, општината целосно ќе може да се вклопи во туристичката понуда. Со тоа ќе може да се презентира како туристичка дестинација со квалитетни плажи кои истовремено ќе придонесат зголемување на туристичкиот промет на општината.

## Анализа од анкетни прашалници спроведени на плажите во општина Дојран во 2010 год. и 2011 год.

Прашалниците се однесуваат на туристичката понуда во Дојран, престојот на туристите, како и сместувачките капацитети, услугите, културната и забавната понуда во текот на денот и вечерните часови, јавниот превоз и други превозници од и до општина Дојран, содржината на плажите, колку туристите се задоволни од водата и плажите на Дојранското езеро, од инфраструктурата на плажите и нивната хигиена и сл.

Плажите кои беа опфатени се следните: Стар Дојран, Градска плажа, Полин, Алекс Бич, Македонија и Партизан. Беа анкетирани туристи од Македонија, Србија, Русија, Полска, Германија, Турција, Албанија, Словенија, Бугарија и Австралија.

**Во 2012 год.,** на прашањето **„Дали мислите дека нешто недостасува во туристичката понуда на Дојран“** во кое испитаните туристи требало да одговорат и да дадат нивно мислење за туристичката понуда, сите странски туристи од Германија, Америка и Англија одговориле дека се им се допаѓа во Дојран и дека повторно би дошле и наредната година поради ниските цени за нивен стандард, освен туристот од Русија кој не сакал да одговори на прашањето. Србите рекле дека има многу слаба пропаганда и недостига забава за деца и млади, игралишта, забавни паркови и сл. За разлика од нив Македонците дале многу повеќе сугестии како што се: Слаба и недоволна пропаганда, Високи цени за тоа што се нуди, Недостига култура на однесување од страна на оние кои нудат услуги и од населението, Сообраќајот е лошо регулиран, се создава голема гужва во сообраќајот и нема каде да се паркираат возилата, Паркинг за автомобили има но во недоволен број, Нема такси компании, Јавниот превоз го има но многу ретко, а нема дури ни автобуска станица, се создава голема гужва на плажата како и во градот. Недостигаат соблекувални и тушеви на плажата, Плажата воопшто не е средена, недостигаат канти за отпад и осветлување, Нема доволно забава за младите и пензионерите, може да се донесат повеќе естрадни личности, да се организираат повеќе спортски настани и натпревари на вода, како и културни настани и излети и сл.

Сите странски туристи престојуваат во хотелите во Дојран освен Србите кои престојувале во приватно сместување. За разлика од нив Македонците, исто користат приватно сместување и хотелско сместување, додека само дел од нив имаат сопствен стан/викендица во Дојран.

Македонските и дел од другите анкетирани туристи се задоволни од сместувачките капацитети, помал дел од нив не се задоволни од цените, услугата и сместувањето. Во поглед на културната понуда се забележува дека е неопходно подобрување заради задоволување на туристите и постигнување повисок степен на анимираност. За плажите категоричен е одговорот дека е направено видно подобрување, но сепак туристите сакаат ова подобрување да го засилува интензитетот каде се согледува желбата за нивно повторно доаѓање.

Незадоволството е особено потенцирано во насока на градскиот превоз, т.е. поради неговата нерегулираност и цените на понудата на храната. Сите анкетирани во 2010 год. повторно би дошле во Дојран но сепак имаат доста сугестии за тоа што би можело да се поправи или доправи. На пример: да има подобра пропаганда, недостига забава за

деца и млади, паркинг за автомобили има но во недоволен број, нема такси компании, јавниот превоз го има но многу ретко, недостигаат соблекувални и тушеви на плажата, плажата не е добро средена, недостигаат корпи за отпад и осветлување и сл.

**Во 2011 година** туристите најмногу престојувале во приватно сместување и хотели од кои се доста задоволни, но не се задоволни од културните манифестации, недостаток на забава во вечерните часови, недоволно сообраќајна инфраструктура, паркинзи и сл. Поголемиот дел од туристите не се за прв пат дојдени на одмор во Дојран. Веќе биле претходната година, некој близок пријател им го препорачал местото и сл.

На прашањето **„Дали се задоволни од содржината на сместувачките капацитети“,** само 1/3 од анкетираните не се задоволни (Македонци). Претежно престојуваат во хотелите и помал дел во приватно сместување. Во поглед на културната понуда и вечерните забави се забележува дека е неопходно подобрување заради задоволување на туристите и поголема анимираност. Незадоволството е особено потенцирано во насока на сообраќајна инфраструктура, немање доволно паркинзи за паркирање на автомобили, незадоволителен и нерегуларен јавен и градски превоз и сл.

Најмногу од анкетираните се задоволни од плажите Алекс Бич и Македонија додека од останатите се прилично незадоволни (Стар Дојран, Градска плажа, Полин и Партизан). Незадоволството најмногу се јавува во нечистата езерска вода, недоволно средените плажи, недоволен број на тушеви, кабини за соблекување, спортски активности на плажа, детски игралишта и занимливости, немање на лежалки, чадори за сонце, екипа за спасување.

На прашањето **„Што би промениле или додале на плажата?“,** туристите даваат неколку идеи: би донеле повеќе квалитетен песок, корпи за отпадоци, тушеви и соблекувални, би ја прошириле плажата, би ги исчистиле трските и ќе ги повлечат шанковите од неа за да се запази естетскиот изглед. Некои сакаат да има патеки за трчање, велосипедски стази, би ја зголемиле чистотата на плажите и да се зголеми дежурната служба за чистење. Да се изградат детски игралишта, забавни паркови, да се направат повеќе дискотеки и кафичи за ноќниот живот и сл. Додека останатите туристи се задоволни од другите плажи.

## Заклучок

Дефинитивно Македонија мора да го следи патот на Словенија во развојот на туризмот. Да сме препознатливи по квалитетен и разновиден туристички производ и задоволни туристи. Ние сме постојано посветени на оваа мисија. За сето тоа да се реализира е потребно заедничко дејствување на сите чинители во туризмот во нашата земја почнувајќи од државните институции, локалните самоуправи, факултетите за туризам и туристичкиот еснаф во земјата.

Краен резултат кој покажува дали, како и колку еден простор е атрактивен и посетен од туристи е остварениот туристички промет. Со анализирање на посетеноста можеме да ја согледаме ситуацијата во која се наоѓа регионот или локалитетот и врз основа на тоа да се прават идните проекции за развој на туризмот.

Со стабилизирање на состојбите и зголемувањето на животниот стандард очекуваме постепено зголемување на туристичкиот промет, што секако зависи и од туристичката политика на државата. Да напоменеме дека и претходната искористеност, уреденост и одржување на плажите во Дојран била релативно мала што покажува дека покрај релативно големиот број плажи под закуп на концесионери сеуште немаат адекватна инфра и супра-структура. Во иднина ова наложува на овој проблем да му се обрне посебно внимание. Големо внимание треба да се посвети на развојот на туристичката понуда за сите видови туризам кои можат да бидат искористени и побарувани од страна на потенцијални туристи – потрошувачи.

Дојран како туристичка дестинација покрај плажите, дополнително ќе го поврати интересот, фокусирајќи се на севкупната турситичка понуда преку добар пристап, сместување и угостителство соодветно на потребите на гостите, атракции, екскурзии, забава, маркетинг и сл.

## Литература

1. Локален еколошки акционен план (ЛЕАП) за општина Дојран, Локален комитет за изработка на ЛЕАП, септември 2005
2. Профил на Општина Дојран, Општина Дојран 2007
3. Сектор за анализа на земјоделска политика, (2010), Министерство за земјодество, шумарство и водостопанство, Скопје
4. http://dojran-info.com